Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 8/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 62-та седница одржана на ден __03.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за сопствено учество во проект**
**„Набавка на електрична машина за чистење на јавни површини“**

**Член 1**

Со оваа одлука, се дава согласност за сопствено учество (кофинансирање) во реализација на проект „Набавка на електрична машина за чистење на јавни површини“ со кој општината аплицира на јавен повик објавен од Бирото за регионален развој, за доделување на средства за финансирање на проект за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 25/25).

**Член 2**

Вкупната вредност за реализација на проектот од член 1 на оваа одлука, изнесува 1.232.200,00 денари.

Општина Велес ќе учествува со сопствени средства од Буџетот на општината за кофинасирање на проектот во висина од 11 % од вкупната вредност на проектот или износ од 135.542,00 денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Бирото за регионален развој објави Јавен повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата. Предмет на јавниот повик е доделување на средства за финансирање на проекти од Програмата за рамномерен регионален развој за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 25/25).

За поубав и почист град, Општина Велес аплицира со предлог - проект „Набавка на електрична машина за чистење на јавни површини“, чиј предмет е набавка на паметна-еколошка машина за метење и одржување на хигиената на јавни површини во урбаните средини. Машината е наменета за чистење на поситен отпад, со вшмукување на сметот на плоштадите, платоата, пешачките патеки и тротоарите ширум општината. Се работи за специјализирано возило на електричен погон што се напојува батериски. Со набавката на ваква електрична машина се очекува неколку пати да се зголеми ефикасноста во одржувањето на хигиената, со тоа што за пократок временски период ќе бидат исчистени поголеми јавни површини. Со користењето на оваа машина значи и постепено напуштање на

класичниот начин на чистење односно користење на метлите, собирачите и количките за отпадоци.

Вкупната вредност за реализација на проектот „Набавка на електрична машина за чистење на јавни површини“ изнесува 1.232.200,00 денари.

Општина Велес ќе учествува со сопствени средства од Буџетот на општината за кофинасирање на проектот во висина од 11 % од вкупната вредност на проектот или износ од 135.542,00 денари.

Одлуката на Советот на Општина Велес за сопствено учество во проектот е услов за апликација во фазата на административна селекција.